РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 08-642/6
29. 10 2026 год.

Врз основа на член 24-а од Законот за средното образование, член 20, член 21 и член 22 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта бр. 13-10833/1 од 04.08.2025 година, изменет и дополнет со Правилник бр. 13-4247/1 од 13.03.2026 година, одобрените Програми за училишни екскурзии за учебната 2026/2027 година со одлука на Училишниот одбор бр. 08-642/6 од 29.10.2026 година, СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес, во име на родителите, објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС – ПОКАНА

за доставување понуди за изведување училишни екскурзии во учебната 2026/2027 година

Набавувач/организатор: СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес, ул. „Благој Ѓорев" бр. 40, 1400 Велес;

тел. 078/365371; е-пошта: gimkocoracin@gmail.com; веб: gimkocoracin.edu.mk.

Предмет на огласот: Изведување на четири училишни екскурзии, поделени во посебни делови. Понудувачот може да поднесе понуда за еден, повеќе или за сите делови. За секој дел задолжително се дава посебна единечна цена по ученик.

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА СИТЕ ДЕЛОВИ

- Критериум за избор е најниската цена, под услов понудувачот во целост да ги исполнува минималните услови и дополнителните критериуми утврдени со Правилникот и овој оглас.
- Понудите мора да бидат конкретни и целосно усогласени со описот на услугата. Алтернативни решенија не се дозволени, а дополнителни услуги не носат предност при евалуацијата.
- Цените мора да бидат фиксни и да не се менуваат во текот на реализацијата на договорот.
- Конечниот број ученици ќе се утврди по писмените согласности на родителите/старателите и ќе биде внесен во договорот. Понудената единечна цена по ученик останува фиксна.
- Избраниот понудувач, во рок од 7 дена од потпишувањето на договорот, доставува банкарска гаранција за квалитетно извршување во висина од 15% од вкупната вредност на договорот.

МИНИМАЛНИ УСЛОВИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА

- Понудувачот да е регистриран за вршење соодветна туристичка дејност најмалку три години.
- Понудувачот да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно важечките прописи.

Со понудата се доставуваат:

- копија од важечка А-лиценца за туристичка дејност;
- документ за тековна состојба/регистрација од кој се потврдува исполнувањето на условот за најмалку три години вршење дејност;
- опис на понуденото сместување, предрезервација каде што е применливо и мени за исхрана;
- опис на видот на автобускиот превоз и изјава дека возилата ќе ги исполнуваат условите за превоз на групи деца;
- предлог за начин/динамика на плаќање;
- податоци за ангажирање лекар, туристички придружници и туристички водичи каде што се предвидени;
- понудени поволности/гратис места за ученици од социјално ранливи семејства;
- потпишана и заверена понуда со јасно наведена единечна цена по ученик за секој дел за кој се конкурира.

ДЕЛОВИ НА ОГЛАСОТ

ДЕЛ 1 – ЕДНОДНЕВНА СТРУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА I ГОДИНА

Опфат: **Број на ученици 90 +/- 10% од учениците**. Планиран период: мај 2027 година.

Релација: ВЕЛЕС – БИТОЛА – ВЕЛЕС.

Опис на услугата: автобуски превоз; посета на археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис, културно-историски содржини во Битола/Широк Сокак и, доколку условите дозволуваат, Национален парк Пелистер; обезбедени влезници каде што се наплатуваат; туристички придружник/локален водич каде што е потребно; лекар/соодветна здравствена заштита; основно патничко и здравствено осигурување без франшиза.

ДЕЛ 2 – ДВОДНЕВНА СТРУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА II ГОДИНА

Опфат: **Број на ученици 90 +/- 10% од учениците**. Планиран период: мај 2027година.

Траење:2 дена/1 ноќевање.

Релација: ВЕЛЕС – ТЕТОВО – ВЕВЧАНИ – СТРУГА – ОХРИД – СВ. НАУМ – ВЕЛЕС.

Опис на услугата: автобуски превоз; посета на Шарена Џамија, Вевчанските извори, Струга и манастирскиот комплекс Калишта, културно-историски знаменитости во Охрид и Св. Наум; сместување во хотел со најмалку 4★, сите ученици во еден хотел, со организирана вечера и појадок; влезници каде што се наплатуваат; туристички придружник и локални водичи; лекар; основно патничко и здравствено осигурување без франшиза.

ДЕЛ 3 – ЗАВРШНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА III ГОДИНА

Опфат: **Број на ученици 57 +/- 15% од учениците**. Планиран период: април/мај 2027 година.

Траење: најмногу 6 дена, со 4 хотелски ноќевања согласно одобрената Програма и писмените согласности.

Релација: ВЕЛЕС – ФИРЕНЦА – ПИЗА – ТОСКАНА – ЉУБЉАНА – ВЕЛЕС.

Опис на услугата: меѓународен автобуски превоз; 4 ноќевања во Фиренца или околината до 20 km од центарот, во хотел со минимум 3★, со појадок и вечера; посети и разгледување на Фиренца, Пиза, Лука, Сиена, Сан Џимињано и Љубљана, како и музеи/културни институции предвидени со Програмата; сите договорени влезници и туристички такси; лиценцирани туристички придружници и локални водичи; лекар; основно патничко и здравствено осигурување без франшиза.

ДЕЛ 4 – СТРУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД I–IV ГОДИНА

Опфат: **Број на ученици 210 +/- 10% од учениците**.; конечниот број се утврдува по пријавувањето.

Планиран период: март/април 2027 година. Траење: 3 дена / 2 ноќевања.

Релација: ВЕЛЕС – СОФИЈА – КОЗЛОДУЈ – ОРИЈАХОВО – СОФИЈА – ВЕЛЕС.

Опис на услугата: меѓународен автобуски превоз; 2 ноќевања во Софија во хотел со најмалку 3★, со појадок и вечера; посета на Националниот политехнички музеј и Националниот природонаучен музеј во Софија; едукативна посета на АЕЦ „Козлодуј" согласно потврдата и безбедносните правила на домаќинот; кратка посета на Оријахово; посета на TechnoMagicLand и/или други научно-технолошки институции, Coca-Cola HBC Бугарија и PHENOMENA; влезници; туристички придружник/водичи; лекар; основно патничко и здравствено осигурување без франшиза.

ДОПОЛНИТЕЛНИ КРИТЕРИУМИ

- категорија и локација на хотелот/хотелите
- мени за исхрана согласно описот на секој дел;
- точно наведени влезници и туристички такси вклучени во цената;
- вид на автобусите што ќе се користат;
- динамика на плаќање на рати или до поаѓање;
- ангажирање лекар;
- поволности за ученици од социјално ранливи семејства;
- туристички придружници и туристички водичи во странство каде што е потребно.

НАЧИН, МЕСТО И РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ

Понудата се доставува во затворен плик во архивата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес, ул. „Благој Ѓорев" бр. 40, 1400 Велес, со назнака:

„ПОНУДА ПО ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ЕКСКУРЗИИ 2026/2027 – НЕ ОТВОРАЈ"

На пликот задолжително да се наведе за кој дел/делови се поднесува понудата.

Огласот трае 5 (пет) работни дена од денот на објавување во јавно гласило.

Ненавремени и некомплетни понуди нема да бидат разгледувани.

Огласот и Програмите за екскурзиите ќе бидат достапни и на веб-страницата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес. gimkocoracin.edu.mk.

За дополнителни информации понудувачите може да се обратат во училиштето.

Претседател на Комисијата за
распишување на Покана за екскурзии:

Васе Панова

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС